[redacted]

**ОПШТИНА КУМАНОВО**
**Сектор за инспекциски надзор**

**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veruit**
**Општина Куманово**
**Komuna e Kumanovës**
**Упп-Бр/Nr: 28-403/22**
**Дата/Data: 15,05.2023 год**

Улица.11 Октомври бб, 1300, Куманово
Rruga: 11 Tetor, p.n, 1300, Kumanovë
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
Контакт/Kontakt
Тел/Tel: +389 31 475 830
e-mail: info@kumanovo.gov.mk
www.kumanovo.gov.mk

# ЗАПИСНИК

за спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр.238/19) на ден 15.05.2023 година, со почеток од 10.00 часот, во службена просторија на Инспекцискиот Совет на РСМ пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Куманово со арх. бр. 08-3976/1 од 05.05.2023 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав :

- Бобан Бојковски – Виш инспектор, ментор;
- Сашо Илиев – Советник инспектор;
- Евгенија Стефановска – Советник инспектор;
- Ресул Шемо – Претставник од Инспекциски совет.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е: Бисера Настасијевиќ Варџиска на работно место Советник комунален инспектор во Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат при Општина Куманово.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот за инспектор изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор. По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Бисера Настасијевиќ Варџиска, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекциски надзор – 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови
- Затворање на инспекциски надзор – 25 бодови
- Документирање на инспекциски надзор – 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот Бисера Настасијевиќ Варџиска го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 85 бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:
Почеток во 10.00 часот на ден 15.05.2023 година,
Завршување во 12.00 часот на ден 15.05.2023 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот за инспектор:

1. Бобан Бојковски ____________________
2. Сашо Илиев ____________________
3. Евгенија Стефановска ____________________
4. Ресул Шемо ____________________